**20242654605**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 41 ставови (11) и (17) од Законот за фитофармација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20, 274/22, 129/23 и 218/24), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТОТ ЗА ДИСТРИБУТЕР И СОВЕТНИК, НАЧИНОТ, УСЛОВИТЕ, ПРОЦЕДУРИТЕ, ПОСТАПКИТЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЛАГАЊЕТО НА ИСПИТОТ ЗА ДИСТРИБУТЕР ИЛИ СОВЕТНИК ОД ОБЛАСТА НА ФИТОФАРМАЦИЈАТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува Програмата за полагање на испитот за дистрибутер и советник, начинот, условите, процедурите, постапките и времетраењето на спроведување на полагањето на испитот за дистрибутер или советник од областа на фитофармацијата.

Член 2

(1) Програмата за полагање на испитот за дистрибутер и советник од областа на фитофармацијата опфаќа повеќе тематски единици од следниве прописи:

а) Закон за фитофармација;

б) Закон за здравјето на растенијата;

в) Прирачник за обука на советници, дистрибутери и професионални корисници, како и

г) Прописи од областа на заштитата на животната средина.

(2) Содржината на Програмата од став (1) на овој член е дадена во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(3) Испитот за дистрибутер и испитот за советник се полагаат согласно Програмата од ставот (2) на овој член.

Член 3

(1) За полагање на испитот за дистрибутер и испитот за советник се поднесува барање кон кое се доставува потребната документација за исполнетост на условите од Законот за фитофармација до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа, од страна на кандидатите.

(2) Барањето од став (1) на овој член е објавено на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа и истото се поднесува во хартиена или електронска форма.

(3) Испитите за дистрибутер односно советник (во понатамошниот текст: испитот) се спроведуваат во сесии најмалку два пати годишно, во термини објавени на веб страницата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа.

(4) Кандидатите кои поднеле барање за полагање на испитот се распоредуваат во групи, согласно деновите во кои може да се полага испитот.

(5) Испитот се спроведува писмено во времетраење од 45 минути, пред Комисијата за полагање на испитот (во понатамошниот текст: Комисијата).

(6) Пред полагањето на испитот, Комисијата го проверува идентитетот на кандидатот со увид во документ за лична идентификација.

(7) За време на полагање на испитот не треба да се користи мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други тенички и информатички средства, прирачници, презентации, пишуван материјал или друг извор на информации, а може да се користи само закон даден во хартиена верзија од страна на Комисијата.

(8) Испитот е во форма на тест и се состои од два дела, и тоа:

- прв дел (теоретски) кој содржи 30 прашања со три понудени одговори, од кои само еден е точен и на кои одговорот се дава со одбележување на точниот одговор од понудените одговори,
- втор дел (студија на случај) кој се состои од пет прашања со по три понудени одговори, од кои само еден е точен и на кои одговорот се дава со одбележување на точниот одговор од понудените одговори,

(9) Првиот и вториот дел од испитот се сметаат за положени доколку кандидатот одговорил точно на 60% од прашањата од теоретскиот дел односно 60% од прашањата од студијата на случај.

(10) Испитот се смета за положен доколку кандидатот ги положил првиот и вториот дел од испитот во една сесија.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат одредбите од Правилникот за планот и програмата за обуки од областа на фитофармацијата, фитомедицината и одржливата употреба на фитофармацевтските производи, за програмата за полагање на испитот за професионален корисник, дистрибутер или советник, како и за начинот на бодувањето на првиот и вториот дел од испитот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/24), кои се однесуваат на програмата за полагање на испитот за професионален корисник, дистрибутер или советник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.104-257/4
23 декември 2024 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

Прилог

Програма за полагање на испитот за дистрибутер и советник од областа на фитофармацијата

Тематски единици:

1. Законска рамка

1.1 Регистрирање фитофармацевтски производи во ЕУ

1.2 Регистрација на фитофармацевтски производи во Северна Македонија

1.3 Закон за здравјето на растенијата

1.4 Закон за фитофармација

1.5 Закон за заштита на животната средина,

1.6 Национални законски прописи од други области релевантни за употребата нафитофармацевтски производи.

2. Директива за одржлива употреба 2009/128/ЕК

2.1 Интегрирана заштита на растенијата и општи начела

3. Органско земјоделство
4. Заштита на животната средина
4.1. Загадување на животната средина
4.2. Мерки за заштита на опрашувачите и другите нецелни организми
4.3. Мерки за заштита на почвата и на површинските и на подземните води
5. Штетни организми: патогени, штетници и плевели
5.1. Патогени (габи и псеудогаби, вируси и вироиди, бактерии, фитоплазми)
5.2. Штетници (инсекти, пајачиња)
5.3. Нематоди
5.4. Мекотели
5.5. Плевели
6. Фитофармацевтски производи
6.1. Инсектициди и акарициди
6.2. Фунгициди
6.3. Хербициди
6.4. Нематоциди
6.5. Микроорганизми
6.6. Корисни инсекти
6.7. Регулатори на растот на растенијата
6.8. Етикета
6.9. Формулација
6.10. Неовластени фитофармацевтски производи и нивно идентификување
7. Правилна употреба на фитофармацевтски производи
7.1. Општи мерки на претпазливост
7.2. Ракување со фитофармацевтски производи при транспорт
7.3. Складирање фитофармацевтски производи
7.4. Подготовка на мешавината за прскање
7.5. Техники за аплицирање
7.6. Спречување одвев
7.7. Тампон зони
7.8. Употреба на фитофармацевтски производи во близина на населби
7.9. Управување со остатоците и отстранување на амбалажата
7.10. Чистење на опремата по третманот
8. Опрема за прскање
8.1. Видови прскалки
8.2. Проверка на опремата за апликација на фитофармацевтски производи
8.3. Калибрација на прскалки
9. Опасности и ризици од употреба на фитофармацевтски производи
9.1. Ризик и изложеност
9.2. Опасност / отровност / токсичност
9.3. Изложеност на фитофармацевтски производи
9.4. Дермална изложеност (изложеност на кожата)
9.5. Инхалаторна изложеност (респираторна изложеност)
9.6. Орална изложеност (преку уста)
9.7. Препознавање на симптомите и знаците за изложеност на фитофармацевтските производи
9.8. Несакани последици од фитофармацевтските производи
9.9. Прва помош при труење
10. Опрема за лична заштита на работникот
10.1. Категории опрема за лична заштита